Република Македонија
Општина Новаци

Бр. 07-653/7
26.08.2013 год
Новаци

Врз основа на член 15 став 1 точка 2 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02), а во согласност на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија„ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10 и 51/11), Советот на Општина Новаци, на ден 26.08.2013., донесе:

Одлука
за спроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Проект за инфраструктура за изградба на цевковод, МХЕЦ Коњарка со реф.бр. 235 со пропратни објекти на КП 26 и КП 1405 КО Скочивир, Општина Новаци** кој се носи согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање **потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина,** согласно со член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на **Општина Новаци - www.opstinanovaci.gov.mk**

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став 4 од Законот за животната средина и врз основа на податоците од прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на Одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Проект за инфраструктура за изградба на цевковод, МХЕЦ Коњарка со реф.бр. 235 со пропратни објекти на КП 26 и КП 1405 КО Скочивир, Општина Новаци, може да има влијание врз животната средина од следните причини:**

Планскиот документ предвидува изградба објекти со намена Е1 - комунална инфраструктура и Е2 – комунална супраструктура. Предвидените содржини можат да имаат влијание врз животната средина. Објектите со намена Е1 и Е2 согласно со Уредбата за определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанијата врз животната средина (Сл.в. 74/05) опфаќаат проекти дадени во Прилог бр. 2, точка 3. Енергетика, (ж) хидроелектрични централи и според член 3 од истата Одлука за генерално определените проекти од Прилог 2 се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до **Министерството за животна средина и просторно планирање** во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

5.Одлуката ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Совет на Општина Новаци
Претседател
Пецо Мицевски

Република Македонија Општина Новаци Новаци